Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit
Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 11-2174/1
16.04.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-2174/1
16-04-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

**Записник од одржана Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот : "Изградба на Коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп – Битола" во општина Прилеп, општина Могила и општина Битола.**

На ден 10.03.2026 (вторник) во просториите на Градската библиотека на општина Прилеп се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: "Изградба на Коридор 10 Д делница на автопат: Прилеп – Битола во општина Прилеп, општина Могила и општина Битола, за потребите на инвеститорот ЈПДП и Министерство за транспорт, која започна во 12:00 часот.

Присутни:
- Влатко Цветаноски – Советник за постапка за ОВЖС - (МЖСПП)
- Исмет Садику – Советник за ОВЖС - (МЖСПП)
- Сашо Илиќ – Раководител на оделение за бучава - (МЖСПП)
- Претставници од ЈПДП
- Претставници од изготвувачот на Студијата за ОВЖС - Градежен институт "Македонија" АД од Скопје

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

1. **Отворање**

Јавната расправа ја отвори Влатко Цветаноски – Советник за постапка за ОВЖС во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на Министерството за животна средина изврши кратко запознавање со постапката за спроведување на оцена на влијание на проектот врз животната средина за наведениот проект, по што даде збор на М-р Елена Николовска – експерт за ОВЖС - изготвувач на Студијата за ОВЖС од Градежен институт Македонија АД од Скопје, да изврши презентација на студијата за ОВЖС.

2. **Презентација на студијата за оцена на влијание врз животната средина**

По краткиот опис на проектната документација изготвувачот на Студијата за ОВЖС каде је наведе и целта на проектот а тоа е изградба на Коридор 10 Д

делница на Автопат: Прилеп – Битола, општина Прилеп, општина Могила и општина Битола (km 7+825,81 – km 37+072), изградба на нови надвозници, изградба на нов систем за одводнување на телото на патот, по што даде осврт и на постапката за ОВЖС. Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП утврди дека за овој вид на проекти задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и изготви Решение со кое се утврдува потребата од оцена на влијанието на проектот. ГИМ за потребите на инвеститорот ја изработи Студијата за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС). Студијата за (ОВЖС) е изготвена согласно утврдениот обем од страна на МЖСПП, а нејзина основна цел е идентификација на базните услови на животната средина, како и основните социо- економски услови во подрачјето каде ќе се спроведува проектот, предвидување и опис на веројатните ефекти / влијанија од проектот, предлог мерки за намалување на влијанијата, каде тоа е неопходно и план за управување со животната средина. Изготвувачот на Студијата за ОВЖС образложи дека во Студијата е направена е детална и сеопфатна оценка на можните влијанија врз животната средина, геологијата и почвата, површинските и подземните води, влијанија врз воздухот, бучава, биодиверзитетот, флората, фауната и социјални аспекти. За истите предложени се мерки за заштита, ублажување и намалување на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува. Исто така во текот на фазите на експлоатација и оперативност ќе биде спроведуван План за управување со животната средина и социјални аспекти и План за мониторинг на животната средина и социјални аспекти.

По завршување на презентацијата се отвори дискусија по Студијата за ОВЖС.

## 3. Дискусија

- Весна Шапкоска од Здружение станица ПЕТ постави прашање неколку прашања: Дали е направена точна проценка колку хектари обработливо земјоделско земјиште ќе биде изгубено со изградбата на автопатот ? Дали е направено моделирање на бучавата и дали по должината на автопатот се предвидени звучни бариери ? Кој е одговорен и која институција е надлежна за мониторингот и негово спрводеување и евентуални отстапки од проектот.

На ова одговор даде Весна Миленковиќ и кажа дека ги немаат елаборатите за експропријација на земјиште и нема точна информација колку хектари обработливо земјиште ќе биде опфатено, бидејќи дел од елаборатите за експропријација подоцна се обработуваа. Елена Николовска даде одговор дека за бучавата е направена посебна книга Студија која ќе ги опфаќа звучните бариери долж трасата и истата е направена од стручњаци од оваа област. Елена

Николовска даде одговор дека во Студијата е образложено кој ќе го извршува мониторинг планот, кои се одговорни институции и со каква временска динамика.

- Ѓорѓи Георгиоски од Здружението Спас за Прилеп постави неколку прашања и како и укажувања на сериозни проблеми поврзани со активностите на БЕХТЕЛ-ЕНКА во врска со овој проект. Постави прашање кое е тоа позајмиште 6 ? Беше одговорено дека истотот е пред да се стигне до Прилеп кај дел од Плетвар. Даде укажување дека БЕХТЕЛ-ЕНКА уништиле 15 хектари ниско стеблеста шума со смрека и дека смреката е заштитен вид. На ова одговор даде проф. Рената Ќуштеревска и кажа дека смреката не е заштитен вид и дека смреката е широко распространето растение, а што се однесува на тоа подрачје не е и природно распространето и дека е прилично ниска надморска височина каде што реално четинарите се среќаваат на повисоко дури на овие подрачја е садено, а за тоа што реагираат локалните жители е македонската пеперутка – сивка. Кажа дека во однос на тоа ако пристапно патиште уништило смрека не е нешто со огромно влијание врз биолошката разновидност. Ѓорѓи Георгиоски укажа во врска со пеперутката – сивка дека е ендемичен вид и дека нејзиното живеалиште се наоѓа на ова подрачје и дека со овие уништени 15 хектари ниско стеблеста шума со смрека дека 1/4 од овие 15 хектари завзема од нејзиното наоѓалиште. На ова одговор даде проф. Рената Ќуштеревска при остварениот теренски увиди дека штетата е веќе направена во позајмиште 6, но и дека има и други ископи на тоа подрачје кои влијаат на живеалиштето на сивката. Ѓорѓи Георгиоски укажа во врска со пеперутката – сивка дека не е направено ништо за заштита во врска со овој ендемичен вид како и со нејзиното живеалиште и цитираше научен труд од неколку професори и експерти кои јасно укажуваат за потребата од нејзина заштита. Постави прашање чија е одговорноста за негрижата со овој ендемичен вид, на што одговор доби од претставникот на МЖСПП Влатко Цветаноски дека тука сме согласно законот за животна средина и спроведување на постапката за ОВЖС, а стручни прашања да достават до посебни сектори во МЖСПП кои можат да добие соодветен одговор. Ѓорѓи Георгиоски укажа дека со минирањата извршени на ова подрачје е нарушена издашноста на еден извор со вода и кој сега е со намалена издашност во регион како Прилеп кој има недостаток на вода за пиење и дека од минирањата се оштетени фасадите на некои куќи како и фасадата селската црква во Ореовец. Претставник од општина Прилеп праша дека на презентацијата на Студијата за ОВЖС не е кажано за мерките за заштита на водите. Одговор даде М-р Елена Николовска дека истите ги има образложено во Студијата за ОВЖС. Жител од с. Ореовец праша дали некој знае колку природни извори има во с. Ореовец и дека од тие извори на времето со вода за пиење се снабдувал градот Прилеп и дека и ден денеска од некои од тие извори се снабдува градот Прилеп. Кажа дека во атарот на с. Ореовец има 8 извори и дека не е против изградбата на автопатот, но дека ископот не требал да биде на некои 430 m првите

куќи на с. Ореовец и да направи штета на селото и дека селото треба да се исели. Жителот од с. Ореовец кажа дека од експлозијата при минирањарто во близина на црквата има еден извор кој го смени текот на водата од каде излегува водата и дека самоиницијативно собирале пари и дека го ангажирале Водовод од Прилеп да ја собере водата во резервоар. Ѓорѓи Георгиоски постави прашање дали Минестерството за животна средина и просторно планирање е одговорно за веќе направената штета врз изворите ? На ова прашање одговор даде претставникот на МЖСПП Влатко Цветаноски дека тука сме согласно законот за животна средина и спроведување на постапката за ОВЖС, а стручни прашања писмено да ди достави до стручни сектори во МЖСПП од кои може да добие соодветен одговор. Дејан жител од Прилеп праша и кажа за нштo што треба да се изгради нешто треба да се изруши, и моментално се гради од страна на БЕХТЕЛ-ЕНКА и се започнати активносите, искажа дека во позајмиште 6 не се копа во моментот, и дека на неколку километри од Прилеп постои рудник со сите одлики кој што може комплетно три автопати да се градат со таква количина на материјал, дали имавте понуди да се зема готов материјал од рудникот. Кажа дека од ЈПДП и нивните изведувачи БЕХТЕЛ-ЕНКА се ветуваа многу работи и директно се обрати на англиски јазик на претставникот БЕХТЕЛ-ЕНКА со забелешки и прашања кои веќе беа искажани претходно во текот на дискусијата. Жителот од с. Ореовец постави директно прашање до претставникот од ЈПДП - Александар Жировски колку години ќе се гради автопатот Прилеп - Битола и на колку години е дадена концесијата за ископ. Му беше одговоерно дека автопатот Прилеп – Битола ќе се гради три години, а концесијата е за пет години. Жителот од с. Ореовец праша остануваат две години и дали ќе се се врши експлоатација во тој временски период. Му беше одговоерно дека нема да има експлоатација на материјал по завршување на изградбата на автопатот и дека Ореовец е единствен коп за државен интерес и дека ниедно камче нема да се одведе на друго место.

Јавната расправа заврши во 14.30 мин.

Изготвил:

Ismet Sadiku

Влатко Цветаноски